## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и член 21 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за девизен депозит кај Народната банка на Република Македонија

1. Во Одлуката за девизен депозит кај Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/16), во насловот и во точката 1 зборовите: „Народната банка на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Народната банка на Република Северна Македонија“.

2. Точката 2 се менува и гласи:

„Право на пласирање девизни депозити кај Народната банка имаат сите банки и филијали на странски банки (во понатамошниот текст: банки) коишто имаат обврска за исполнување на задолжителна резерва кај Народната банка“.

3. Точката 4 се брише.

4. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**О. бр. 02-15/XXI-8/2022**
**30 ноември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**